ФРУКТАЛ МАК
Акционерско друштво за производство, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук
Бр. 02-38 02.12 20 20 год.
с.Моране-Скопје

Врз основа на чл.383, чл.384 ст.2 т.7, член 457, чл.460 ст.3 И чл.460-а од Законот за трговски друштва и чл.33 од Статутот на Фруктал Мак АД Скопје , Акционерите на Друштвото на Годишното Собрание одржано на ден 02.12.2020 година донесоа :

# ОДЛУКА

За одобрување на зделки со заинтересирани страни

## Член 1

Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамките на редовното работење (**купување, продавање, услуги, лиценци и дистрибуција**) , СЕ ОДОБРУВА Фруктал Мак АД Скопје да склучува зделки со заинтересирани страни по тековни пазарни услови за слични типови на трансакции и тоа:

1. **Зделка со Фруктал ДОО, Ајдовшина, Словенија како продавач на стоки и давател на услуги по пазарни услови**:

   - лиценци до 100.000 ЕУР
   - репроматеријали, суровини до износ од 780.000 ЕУР
   - дистрибуција и други услуги до износ од 250.000 ЕУР

   **Зделка со Фруктал ДОО, Ајдовшина, Словенија како купувач на стоки и корисник на услуги по пазарни услови:**

   - репроматеријали, суровини до износ од 40.000 ЕУР
   - полупроизводи до износ од 430.000 ЕУР

   чија поединечна или кумулативна вредност за секоја ставка посебно за период од денот на донесувањето на оваа одлука до одржување на следното годишно собрание нема да надмине износ од 2.000.000 ЕУР

2. **Зделка со Нектар Србија како продавач на стоки и давател на услуги по пазарни услови**:

   - лиценци до 40.000 ЕУР
   - репроматеријали, суровини до износ од 1.200.000 ЕУР
   - дистрибуција и други услуги до износ од 65.000 ЕУР

**Зделка со Нектар Србија како купувач на стоки и корисник на услуги по пазарни услови:**

- готови производи, сокови и сирупи до износ од 50.000 ЕУР
- полупроизводи до износ од 200.000 ЕУР
- репроматеријали, суровини отпадна Амбалажа до износ од 10000 ЕУР

чија поединечна или кумулативна вредност за секоја ставка посебно за период од денот на донесувањето на оваа одлука до одржување на следното годишно собрание нема да надмине износ од 2.000.000 ЕУР

**Член 2**

Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамките на редовното работење(**давање и земање на заеми;кредити и гаранции**), СЕ ОДОБРУВА Фруктал Мак АД Скопје да склучува зделки со заинтересирани страни по тековни пазарни услови за слични типови на трансакции и тоа:

3. **Зделка со Фруктал ДОО, Ајдовшина, Словенија за** :
   - примање на заем, кредит, плаќање на камати и останати работи од тековно работење по пазарни услови тоа 3м ЕУРИБОР + 2 процентни поени, чија поединечна или кумулативна вредност за секоја ставка посебно за период од денот на донесувањето на оваа одлука до одржување на следното годишно собрание нема да надмине износ од 2.500.000 ЕУР

**Член 3**

СЕ ОВЛАСТУВААТ членовите на Управен одбор, да ги преземат сите потребни дејствија за потпишување на договори и анекси со заинтересираните страни наведени во членовите 1 и 2 од ова Одлука, со важност за период од најмалку 12 месеци , а заради спроведување на истата.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Акционерско друштво за производство, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук ФРУКТАЛ МАК с.Моранe Скопје

**Претседавач на собрание**